**Инфо билтен – август 2023 година**



**Повици**

Цивика Мобилитас објавени повик за доделување партнерски грантови каде еден од приоритетите се климатските промени и животната средина. Крајниот рок за пријавување е 30 август 2023 година до 13:00 часот. Повеќе детали има овде.

ЦНВП Македонија објавени повик за грантови на локални заедници за промовирање одржливо користење на природните ресурси и туризам заснован на природата. Крајниот рок е до 7 септември 2023 година. Повеќе информации има овде.

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Прочитајте ја најновата анализа „Коридорите 8 и 10Д – Дали имаме доволно гаранции дека изградбата на автопати нема да влијае негативно врз шумскиот фонд". Ефикасна изведба на стратешки проекти не смее да подразбира негативен ефект врз животната средина и постоење правна несигурност. Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Граѓанските организации во акција за климата".

Погледнете видеа за градење на капацитетите на граѓанските организации кои ги изготви Македонското здружение на млади правници во рамки на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени", а преку кои можете да добиете информации за механизмите за учество во донесување одлуки, учество во креирање на законите, инспекциска постапка во животната средина, постапките за оцена на влијание врз животна средина, стратегиска оцена, интегрирани еколошки дозволи и слично. Сите 10 видеа се на овој линк.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Доколку имате потреба од помош и поддршка за изготвување писмено мислење или коментар, можете да се обратите до МЗМП преку формуларот на следниот линк.

**Заштита на природа**

Еко-свест учествуваше на 13-та смотра на Сојузот на извидници на Македонија со серија работилници за заштита на дивиот свет и влијанијата од климатските промени во природата.

Законот за обновување на природата (Law on Nature Restoration) месецов е изгласан од Европскиот парламент на ЕУ. Дали е тоа можност за да се спречи уништувањето на природните живеалишта во Европа?

**Води**

И покрај ветувањата за забрана, продолжува изградбата на мали хидроцентрали во заштитени подрачја. Најновиот пример е со Националниот парк Шар Планина.

**Медиуми**

Новата платформа за климатски податоци, EarthCare.ai, користи модели на вештачка интелигенција и ќе содржи информации за 50 различни климатски состојби во целиот свет.

За десеткување на родот и за ефикасноста на системите за водоснабдување на земјоделските површини како повод.

Леонардо ди Каприо ќе нуди стипендии за климатско образование.

**Разно**

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

На ЕНЕР се објавени известувања за започнување на процесите за изготвување на 2 закони: Закон за донирање на вишок храна и Закон за Попис на земјоделството во Македонија 2024 година.

Британија ќе издава стотици нови лиценци за експлоатација на гас и нафта во Северното Море, за да ја зајакне енергетската независност на нивната држава.

Хипокризија. Глумењето зелени политики стана корпоративна уметност.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.